РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СООПШТЕНИЕ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, со цел придонесување кон уште поголема транспарентност во своето работење, на 21.09.2018 година ги објави износите на основните месечни нето плати на претседателот, заменик претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика.

Во оваа прилика сметаме за потребно да истакнеме дека нивото на нето платите е уредено во член 20 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ, бр. 96/2018), каде што е утврдено дека нето платата на претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика не може да биде повисока од збирот на 5 просечни месечни нето плати исплатени во Република Македонија во претходната година, според податоците објавени од Државниот завод за статистика.

Збирот на 5 просечни месечни плати исплатени во Република Македонија во 2017 година изнесува 114.640,00 денари, додека основните нето плати на претседателот, заменик претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика се значително под оваа горна граница и нивната висина е во корелација со обемот на одговорност и сложеност во спроведувањето на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика во регулирањето на пазарите на електрична енергија, природен гас, нафтени деривати, топлинска енергија и водни услуги.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk